# РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
# УПРАВЕН СУД

**И З В Е Ш Т А Ј**

**ЗА РАБОТА НА УПРАВЕН СУД ЗА 2011 ГОДИНА**

---

**Скопје, март 2012 година**

## I. УСЛОВИ ЗА РАБОТА

Активностите од законски определениот делокруг на Управниот суд, се остваруваат во деловните простории во објектот што се наоѓа на улица „Орце Николов“ б.б. во Скопје.

Деловниот простор во кој работи Управниот суд, располага со вкупно 44 деловни простории, делумно опремени со канцелариски мебел и компјутерска опрема, од кои 2 користи Проект – тимот на ИПА 2009 проектот.

Условите за работа во Судот, од гледна точка на опременост на просториите со канцелариски мебел и техничка опрема, споредбено со претходната извештајна година, се променети во негативна смисла, со тоа што поради изборот на нови судии и вработувањето на 9 нови стручни судски службеници во текот на 2011 година, Управниот суд се соочи со проблем на недостиг од компјутери и друга техничка опрема, како и канцелариски мебел, а капацитетот на деловниот простор, со наведените нови вработувања, е веќе целосно исполнет, така што условите за работа од гледна точка на просторно сместување на вработените, се несоодветни.

Во Управниот суд, од јануари 2010 година, практично функционира Проект – тимот на ИПА 2009 проектот, насловен како „Поддршка за поефикасно, ефективно и модерно работење и функционирање на Управниот суд“, со временски определена рамка, заклучно со 23.04.2012 година.

Активностите на Проект – тимот во 2011 година, беа претежно фокусирани на спроведување обуки за судиите и судските службеници, а беа реализирани и две студиски посети во Кралството Шпанија и Република Словенија.

Во 2011 година, во Управниот суд, ефективно се користеше Автоматизираниот компјутерски систем за водење судски предмети - АКМИС, при чиешто функционирање се појавуваа извесни технички проблеми, што тековно се отстрануваа со посредство на вработените лица во овластената фирма „ ЕДУСОФТ “.

Од гледна точка на човечки ресурси, состојбата е променета споредбено со извештајната 2010 година, во смисла на тоа што во март 2011 година, седум судии од овој суд, се избрани за судии во Вишиот управен суд, кои со работа во тој суд започнаа на 1.07.2011 година, во август 2011 година, еден судија од овој суд е избран за судија во Врховниот суд на Република Македонија, а за Управниот суд се избрани седум нови судии, додека во ноември 2011 година, за овој суд се избрани уште седум нови судии, така што нивниот вкупен број изнесува 30, во којшто се вклучени и двајца судии чија судиска функција е во мирување, поради тоа што еден е избран за член на Судскиот совет на Република Македонија, а

друг кој претходно беше претседател на овој суд, е избран за претседател на Вишиот управен суд, притоа не вклучувајќи го актуелниот претседател на судот, избран во ноември 2011 година, чија што функција како судија на Вишиот управен суд, е во мирување.

На 31.07.2011 година, им престана работниот однос на 12 вработени лица од судската служба на овој суд и тоа: 1 раководител на одделение за финансиско и материјално работење, 1 виш судски советник за решавање управни спорови, 1 соработник за постапување по претставки и предлози, 3 виши судски референти – извршители во писарница, 2 виши судски референти за обработка на документација – дактилографи, 1 самостоен референт – технички секретар на претседателот на судот, 1 референт – технички секретар на судскиот администратор, 1 економ и 1 возач, кои со склучување спогодби се вработија во Вишиот Управен суд.

Во декември 2011 година, во овој суд се остварени 10 вработувања од категоријата стручни судски службеници и тоа: 6 виши судски соработници за решавање управни спорови, 1 судски соработник за решавање управни спорови и 2 помлади судски соработници – приправници, а 1 претходно вработен судски соработник за решавање управни спорови, е унапреден во виш судски соработник за решавање управни спорови, така што вкупниот број вработени лица во рамките на судската служба во овој суд е 44.

Состојбата со предвидени, пополнети и непополнети работни места според Правилникот за систематизација на работните места во Управниот суд, донесен и усвоен согласно со Законот за судска служба, табеларно е прикажана во следната табела:

| **Работно место - Звање** | **Предвиден број на извршители** | **Пополнет број на извршители** | **Непополнет број на извршители** |
|---|---|---|---|
| Судски администратор | 1 | 1 | 0 |
| Самостоен судски советник | 1 | 0 | 1 |
| Раководител на стручно - правна служба | 1 | 0 | 1 |
| Раководител на административно - техничка служба | 1 | 0 | 1 |
| Раководител на судски оддел за судска практика | 1 | 0 | 1 |
| Раководител на судско одделение | 6 | 1 | 5 |
| Раководител на одделение за постапување по претставки и предлози | 1 | 0 | 1 |
| Раководител на одделение за информатика | 1 | 0 | 1 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Раководител на одделение за финансиско и материјално работење | 1 | 0 | 1 |
| Раководител на одделение за човечки ресурси | 1 | 0 | 1 |
| Виш судски советник за решавање управни спорови | 4 | 1 | 3 |
| Судски советник за решавање управни спорови | 5 | 2 | 3 |
| Виш судски соработник за решавање управни спорови | 13 | 11 | 2 |
| Судски соработник за решавање управни спорови | 6 | 1 | 5 |
| Помлад судски соработник за решавање управни спорови | 2 | 2 | 0 |
| Советник - информатичар | 2 | 2 | 0 |
| Соработник - преведувач | 1 | 0 | 1 |
| Соработник - лектор | 1 | 0 | 1 |
| Соработник - водител на стручна библиотека | 1 | 0 | 1 |
| Соработник во одделот за судска практика | 1 | 0 | 1 |
| Советник за постапување по претставки и предлози | 1 | 1 | 0 |
| Самостоен судски референт - водител на писарница | 1 | 1 | 0 |
| Самостоен судски референт за прием и експедиција на пошта | 3 | 1 | 2 |
| Самостоен судски референт - координатор на дактило биро | 1 | 0 | 1 |
| Самостоен референт - технички секретар на претседателот на судот | 1 | 0 | 1 |
| Самостоен референт - технички секретар на судскиот администратор | 1 | 0 | 1 |
| Самостоен референт - сметководител | 1 | 1 | 0 |
| Самостоен референт- извршител во одделението за информатика | 1 | 0 | 1 |
| Виш судски референт - извршител во писарница | 18 | 6 | 12 |
| Виш судски референт за обработка на документација - дактилограф | 25 | 6 | 19 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Виш судски референт - благајник | 1 | 1 | 0 |
| Виш судски референт - архивар | 1 | 1 | 0 |
| Виш судски референт - економ | 1 | 0 | 1 |
| Референт во одделението за човечки ресурси | 1 | 0 | 1 |
| Референт - доставувач | 4 | 2 | 2 |
| Возач | 2 | 0 | 2 |
| Оператор на телефонска централа | 1 | 0 | 1 |
| Хаус мајстор | 1 | 0 | 1 |
| Работник во бифе | 2 | 0 | 2 |
| Хигиеничар | 4 | 0 | 4 |
| Командир на судската полиција | 1 | 0 | 1 |
| Заменик командир на судската полиција | 1 | 0 | 1 |
| Припадник на судска полиција | 5 | 3 | 2 |
| **ВКУПНО ВРАБОТЕНИ:** | **129** | **44** | **85** |

## II. РАБОТА ПО ПРЕДМЕТИ

Во текот на 2011 година, во Управниот суд се оформени 11867 предмети по различни основи, така што имајќи ги предвид и 13866-те нерешени предмети од минатата извештајна година, како и 7 погрешно заведени предмети во текот на 2011 година, вкупно во работа во Судот имало 25726 предмети, од кои 9746 се решени, а останале нерешени 15980 предмети.

Работата по предметите во овој суд, се одвиваше во девет совети, формирани во рамките на шест специјализирани судски оддели и тоа:

I - ОДДЕЛ ЗА ИМОТНО – ПРАВНА ОБЛАСТ И ДРУГИ ПРАВА
- Предметите од оваа област се евидентираат во уписникот со ознака „У-1“

II – ОДДЕЛ ЗА ДЕНАЦИОНАЛИЗАЦИЈА И ДРУГИ ПРАВА
- Предметите од оваа област се евидентираат во уписникот со ознака „У-2“

III – ОДДЕЛ ЗА УРБАНИЗАМ, ГРАДЕЖНИШТВО И ДРУГИ ПРАВА
- Предметите од оваа област се евидентираат во уписникот со ознака „У-3“

IV – ОДДЕЛ ЗА ПЕНЗИИ, ПРАВА ОД ПЕНЗИСКО И ИНВАЛИДСКО ОСИГУРУВАЊЕ И ДРУГИ ПРАВА
- Предметите од оваа област се евидентираат во уписникот со ознака „У-4“

V - ОДДЕЛ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ И ДРУГИ ПРАВА
- Предметите од оваа област се евидентираат во уписникот со ознака „У-5“

VI – ОДДЕЛ ЗА ЦАРИНИ И ДРУГИ ПРАВА
- Предметите од оваа област се евидентираат во уписникот со ознака „У-6“

Во рамките на вториот, четвртиот и петтиот оддел, функционираа по два совета составени од по тројца судии, а во рамките на првиот, третиот и шестиот оддел, функционираше по еден совет.

Обемот на работа на Управниот суд во 2011 година, анализиран по оддели, основи и по судии, табеларно е прикажан во следните табели:

## РЕШЕНИ ПРЕДМЕТИ ВО ОДДЕЛОТ ЗА ИМОТНО ПРАВНА ОБЛАСТ И ДРУГИ ПРАВА

| | Изаир Зибери | Анита Данилова | Јелица Крстевска | Благородна Аранѓелова | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| Управни спорови - „У“ | 67 | 62 | 62 | 13 | 204 |
| Разни управни предмети - „УРП“ | 13 | 3 | 3 | 7 | 26 |
| Барање за заштита на основни слободи и права - „УСПИ“ | 1 | 0 | 0 | 1 | 2 |
| Барање за извршување на пресуда - „УИ“ | 4 | 5 | 5 | 3 | 17 |
| Управни спорови од имотно правна област и други права - „У1“ | 208 | 156 | 179 | 34 | 577 |
| Управни спорови од урбанизам, градежништво и други права - „У3“ | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| Управни спорови од пензии и права од пензиско и инвалидско осигурување и други права - „У-4“ | 83 | 3 | 2 | 105 | 193 |
| Управни спорови од јавни набавки и други права - „У5“ | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| Прекршоци – „УПР“ | 10 | 6 | 11 | 0 | 27 |
| Вкупно | 388 | 235 | 262 | 163 | 1048 |

## РЕШЕНИ ПРЕДМЕТИ ВО ОДДЕЛОТ ЗА ДЕНАЦИОНАЛИЗАЦИЈА И ДРУГИ ПРАВА

| | Злата Стамболиска | Драгослав Радичевски | Лулзим Салиу | Исмета Амет | Дијана Димитрова | Валентина Конеска | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Управни спорови - „У“ | 125 | 85 | 122 | 110 | 101 | 9 | 552 |
| Разни управни предмети - „УРП“ | 15 | 8 | 17 | 16 | 6 | 3 | 65 |
| Барање за заштита на основни слободи и права - „УСПИ“ | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 |
| Барање за извршување на пресуда - „УИ“ | 14 | 16 | 7 | 4 | 5 | 1 | 47 |
| Управни спорови од денационализација и други права - „У2“ | 140 | 276 | 184 | 221 | 77 | 79 | 977 |
| Управни спорови од областа на царина и други права - „У6“ | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Прекршоци – „УПР“ | 74 | 81 | 60 | 79 | 19 | 48 | 361 |
| Вкупно | 368 | 466 | 390 | 431 | 208 | 140 | 2003 |

## РЕШЕНИ ПРЕДМЕТИ ВО ОДДЕЛОТ ЗА УРБАНИЗАМ, ГРАДЕЖНИШТВО И ДРУГИ ПРАВА

| | Нада Иванова | Газменд Фејзуљи | Виолета Илиевска | Весна Јовановска | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| Управни спорови - „У“ | 15 | 41 | 4 | 8 | 68 |
| Разни управни предмети - „УРП“ | 2 | 2 | 3 | 0 | 7 |
| Барање за заштита на основни слободи и права - „УСПИ“ | 1 | 2 | 0 | 0 | 3 |
| Барање за извршување на пресуда - „УИ“ | 1 | 3 | 0 | 1 | 5 |
| Управни спорови од урбанизам, градежништво и други права - „У3“ | 99 | 90 | 70 | 14 | 273 |
| Управни спорови од царина и други права - „У6“ | 280 | 264 | 154 | 121 | 819 |
| Прекршоци – „УПР“ | 45 | 32 | 3 | 32 | 112 |
| Вкупно | 443 | 434 | 234 | 176 | 1287 |

## РЕШЕНИ ПРЕДМЕТИ ВО ОДДЕЛОТ ЗА ПЕНЗИИ И ПРАВА ОД ПЕНЗИСКО И ИНВАЛИДСКО ОСИГУРУВАЊЕ И ДРУГИ ПРАВА

| | Рахилка Стојковска | Снежана Трповска | Лидија Ивановска | Едита Насковска | Владанка Панчурова Сулејманова | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Управни спорови - „У“ | 385 | 403 | 358 | 371 | 197 | 1714 |
| Разни управни предмети - „УРП“ | 10 | 9 | 12 | 12 | 6 | 49 |
| Барање за заштита на основни слободи и права - „УСПИ“ | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 | 2 |
| Барање за извршување на пресуда - „УИ“ | 9 | 4 | 1 | 1 | 0 | 15 |
| Управни спорови од имотно правна област и други права - „У1“ | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 |
| Управни спорови од пензии и права од пензиско и инвалидско осигурување и други права - „У-4“ | 18 | 44 | 47 | 27 | 11 | 147 |
| Прекршоци – „УПР“ | 41 | 59 | 58 | 62 | 0 | 220 |
| Вкупно | 464 | 519 | 476 | 475 | 214 | 2148 |

## РЕШЕНИ ПРЕДМЕТИ ВО ОДДЕЛОТ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ И ДРУГИ ПРАВА

| | Мустафа Шахини | Виолета Богојеска | Лидија Каначковиќ | Дитурије Елези Незири | Димитрула Апостоловска | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Управни спорови - „У“ | 324 | 405 | 139 | 103 | 121 | 1092 |
| Разни управни предмети - „УРП“ | 12 | 13 | 6 | 5 | 2 | 38 |
| Барање за заштита на основни слободи и права - „УСПИ“ | 3 | 4 | 0 | 1 | 1 | 9 |
| Барање за извршување на пресуда - „УИ“ | 7 | 2 | 1 | 2 | 2 | 14 |
| Управни спорови од јавни набавки и други права - „У5“ | 166 | 96 | 73 | 27 | 25 | 387 |
| Управни спорови од царини и други права - „У6“ | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| Прекршоци – „УПР“ | 11 | 23 | 18 | 1 | 1 | 54 |
| Вкупно | 523 | 544 | 237 | 139 | 152 | 1595 |

## РЕШЕНИ ПРЕДМЕТИ ВО ОДДЕЛОТ ЗА ЦАРИНИ И ДРУГИ ПРАВА

| | Марта Телегравчиска | Лидија Георгиевска | Шефајет Хајдари | Исамедин Лимани | Рамије Абдурахими Цара | Гордана Илиевска | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Управни спорови - „У“ | 361 | 211 | 221 | 171 | 119 | 133 | 1216 |
| Разни управни предмети - „УРП“ | 7 | 7 | 7 | 4 | 0 | 1 | 26 |
| Барање за заштита на основни слободи и права - „УСПИ“ | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Барање за извршување на пресуда - „УИ“ | 17 | 4 | 1 | 2 | 0 | 0 | 24 |
| Управни спорови од царини и други права - „У6“ | 145 | 57 | 54 | 64 | 18 | 4 | 342 |
| Прекршоци | 21 | 16 | 14 | 6 | 0 | 0 | 57 |
| Вкупно | 551 | 295 | 297 | 247 | 137 | 138 | 1665 |

Состојбата со предметите по коишто се поднесени жалби а за коишто е одлучено во 2011 година, табеларно по оддели и по судии поодделно, е прикажан во следните табели:

## ВО ОДДЕЛОТ ЗА ИМОТНО ПРАВНА ОБЛАСТ И ДРУГИ ПРАВА

| | Изаир Зибери | Анита Данилова | Јелица Крстевска | Благородна Аранѓелова | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| Обжалени предмети | 59 | 56 | 59 | 2 | 176 |
| Потврдени одлуки | 10 | 13 | 12 | 0 | 35 |
| Преиначени одлуки | 7 | 7 | 7 | 0 | 21 |
| Укинати одлуки | 1 | 2 | 1 | 0 | 4 |
| Отфрлени жалби | 2 | 3 | 1 | 0 | 6 |

## ВО ОДДЕЛОТ ЗА ДЕНАЦИОНАЛИЗАЦИЈА И ДРУГИ ПРАВА

| | Злата Стамболиска | Драгослав Радичевски | Лулзим Салиу | Исмета Амет | Дијана Димитрова | Валентина Конеска | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Обжалени предмети | 55 | 59 | 59 | 61 | 58 | 1 | 293 |
| Потврдени одлуки | 15 | 16 | 14 | 13 | 9 | 0 | 67 |
| Преиначени одлуки | 3 | 7 | 5 | 3 | 3 | 0 | 21 |
| Укинати одлуки | 1 | 1 | 0 | 3 | 3 | 0 | 8 |
| Отфрлени жалби | 0 | 1 | 3 | 2 | 1 | 0 | 7 |

## ВО УРБАНИЗАМ, ГРАДЕЖНИШТВО И ДРУГИ ПРАВА

| | Нада Иванова | Газменд Фејзуљи | Виолета Илиевска | Весна Јовановска | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| Обжалени предмети | 47 | 57 | 40 | 0 | 144 |
| Потврдени одлуки | 25 | 18 | 34 | 0 | 77 |
| Преиначени одлуки | 6 | 8 | 4 | 0 | 18 |
| Укинати одлуки | 1 | 0 | 3 | 0 | 4 |
| Отфрлени жалби | 0 | 2 | 2 | 0 | 4 |

## ВО ОДДЕЛОТ ЗА ПЕНЗИИ И ПРАВА ОД ПЕНЗИСКО И ИНВАЛИДСКО ОСИГУРУВАЊЕ И ДРУГИ ПРАВА

| | Рахилка Стојковска | Снежана Трповска | Лидија Ивановска | Едита Наскоска | Владанка Панчурова Сулејманова | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Обжалени предмети | 31 | 36 | 46 | 22 | 52 | 187 |
| Потврдени одлуки | 5 | 4 | 0 | 0 | 3 | 12 |
| Преиначени одлуки | 4 | 3 | 0 | 0 | 3 | 10 |
| Укинати одлуки | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Отфрлени жалби | 1 | 0 | 0 | 0 | 2 | 3 |

## ВО ОДДЕЛОТ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ И ДРУГИ ПРАВА

| | Мустафа Шахини | Виолета Богојеска | Лидија Каначковиќ | Дитурије Елези Незири | Димитрула Апостоловска | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Обжалени предмети | 68 | 47 | 63 | 5 | 8 | 191 |
| Потврдени одлуки | 10 | 3 | 7 | 0 | 0 | 20 |
| Преиначени одлуки | 11 | 2 | 4 | 0 | 0 | 17 |
| Укинати одлуки | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| Отфрлени жалби | 5 | 1 | 5 | 0 | 0 | 11 |

## ВО ОДДЕЛОТ ЗА ЦАРИНИ И ДРУГИ ПРАВА

| | Марта Телегравчиска | Лидија Георгиевска | Шефајет Хајдари | Исамедин Лимани | Рамије Абдурахими Цара | Гордана Илиевска | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Обжалени предмети | 16 | 20 | 23 | 22 | 1 | 0 | 82 |
| Потврдени одлуки | 5 | 11 | 6 | 8 | 0 | 0 | 30 |
| Преиначени одлуки | 2 | 1 | 3 | 1 | 0 | 0 | 7 |
| Укинати одлуки | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| Отфрлени жалби | 1 | 2 | 1 | 0 | 0 | 0 | 4 |

Предмети по поднесени жалби на одлуки на судии, кои поради избор во други судови во 2010 година, веќе не се во Управниот суд, а влегуваат во годишниот извештај за работа на Судот за 2011 година, се прикажани во следната табела:

| | Владимир Стојаноски | Емилија Илиевска | Мирјанка Гоцевска Стефановска | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| Обжалени предмети | 5 | 0 | 0 | 5 |
| Потврдени одлуки | 9 | 9 | 7 | 25 |
| Преиначени одлуки | 4 | 4 | 2 | 10 |
| Укинати одлуки | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Отфрлени жалби | 5 | 2 | 2 | 9 |

**ЗАБЕЛЕШКА:** Во табеларните прегледи за работата на Судот, се внесени статистичките податоци за сите судии кои во текот на целата 2011 година, или во определени периоди од годината, работеле во Управниот суд, при што појаснуваме дека судиите Изаир Зибери, Злата Стамболиска, Драгослав Радичевски, Лулзим Салиу, Исмета Амет, Нада Иванова, Газменд Фејзуљи, Рахилка Стојковска, Снежана Трповска, Едита Насковска, Лидија Ивановска, Мустафа Шахини, Виолета Богојеска и Марта Телегравчиска, работеа во текот на целата 2011 година, судиите Анита Данилова, Дијана Димитрова, Виолета Илиевска, Владанка Панчурова Сулејманова, Лидија Каначковиќ, Шефајет Хајдари, Лидија Георгиевска и Исамедин Лимани, работеа заклучно со 30.06.2011 година, судијата Јелица Крстевска, работеше заклучно со 17.08.2011 година, а судиите Благородна Аранѓелова, Валентина Конеска, Весна Јовановска, Дитурије Елези Незири, Димитрула Апостоловска, Гордана Илиевска и Рамије Абдурахими Цара, започнаа со работа во овој суд, во втората половина на месец август 2011 година.

## III. КОНСТАТАЦИЈА ЗА АНГАЖИРАНОСТА И КВАЛИТЕТОТ НА РАБОТЕЊЕТО НА СУДИИТЕ

За предметниот извештаен период, од аспект на ангажираноста и квалитетот на работењето на судиите на Управниот суд, може да се констатира дека во услови на континуирано зголемување на бројот на новопримени предмети во Судот, од судиите и од сите вработени во овој суд, беа вложувани максимални напори во рамките на реалните можности, за совладување на обемот на работа, за постапување по предметите и нивно решавање, со давање предимство на одлучувањето на хронолошки постарите предмети, предметите од прекршочната област и предметите со одобрен приоритет, што резултираше и со значително надминување на ориентационо поставената месечна норма за решавање на предметите, меѓутоа и со вака вложениот напор, приливот и заостатокот на предметите не е совладан, имајќи ја предвид околноста што Судот во определени периоди од 2011 година, на којашто се однесува овој извештај, функционираше со помалку судии и со исклучително мал број судски службеници од сите законски предвидени категории, кои работеа во овој суд во наведениот период, особено од категоријата административно – технички судски службеници, како и фактот што Управниот суд се соочи и со недостиг од компјутерска и друга техничка опрема и соодветен канцелариски мебел за нормално одвивање на работата.

Состојбата во претходно наведената смисла, особено од гледна точка на ефикасно и ажурно постапување по судските предмети, дополнително се проблематизираше со нефункционалноста на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, во услови кога второстепените комисии при Владата на Република Македонија, веќе немаа легалитет и легитимитет за постапување по предметите.

Поранешниот претседател, ВД претседателот, актуелниот претседател на Управниот суд и судиите, во текот на годината на којашто се однесува овој извештај, одржуваа состаноци и седници на судиите, на кои се разгледуваа стручни прашања, периодични извештаи за работата на Судот, годишниот извештај, како и други прашања поврзани со проблеми од делокругот на Судот, додека во процесот на континуирана едукација, учествуваа и на советувања и семинари, во земјата и во странство, организирани преку Академијата за судии и јавни обвинители или од други организатори, на теми од значење за функционирањето на судството во Република Македонија, споредбено со судските системи во повеќе европски држави, како и за примената на одделни закони, што се непосредно поврзани со работата на Управниот суд.

## I V. ПРЕДЛОГ МЕРКИ

Имајќи ја предвид алармантната состојба со кадровска непополнетост на работните места, предвидени во Правилникот за систематизација на работните места во Управниот суд, зголемениот број судии и присутното континуирано зголемување на бројот на ново примените предмети во Судот, што за последица пројавува објективна неможност за совладување на приливот и намалување на остатокот на нерешените предмети, пред се, е неопходно потребно да се обезбедат финансиски средства за реализирање нови вработувања во рамките на судската служба, од сите законски предвидени категории, а особено од категоријата административно – технички судски службеници, со оглед на тоа што постојниот број вработени лица, не е ни приближно доволен за ефикасно совладување на обемот на законски определените активности, почитување на со закон пропишаните рокови, а со тоа и постигнување ефикасност во работењето на овој суд.

Како императив се наметнува и потребата од проширување на деловниот простор во кој моментно овој суд работи, со оглед на тоа што капацитетите се веќе целосно исполнети и условите за работа се во голема мерка отежнати, имајќи ги притоа предвид персоналните промени што се случија изминатиот период, очекуваните нови вработувања, како и зголемениот обем на работа, дополнително би ја усложниле состојбата до степен на невозможност за нормално функционирање на Судот.

Неопходно е и обезбедување средства за набавка на компјутерска и друга техничка опрема и соодветен канцелариски мебел, со што би се обезбедиле нормални услови за работа на Судот, коишто во овој момент по ниту еден критериум не би можеле да бидат оценети како оптимални, а со тоа во крајна линија би се надминал и сериозно изразениот проблем со ефективноста и ажурноста на Управниот суд.

Во претходно наведената смисла, потребно е и преземање мерки за што побрз избор на уште тројца судии, предвидени за овој суд, чијшто избор во минатата 2011 година, беше одложен.

Обезбедувањето целосна функционалност на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, е исто така битен предуслов за ефикасно работење на Управниот суд, како надлежен за постапување во управно – судската постапка.

Реализирањето на овие предлог мерки, што директно не зависи од Управниот суд, како крајна цел би имало ефект на совладување на приливот на ново примените предмети и постепено, етапно намалување на заостатокот на нерешените предмети.

Во насока на совладување на приливот и намалување на заостатокот на предметите, во Судот се веќе преземени определени организациони мерки, што подразбираат формирање нови трочлени совети во рамките на специјализираните оддели, во кои со оглед на бројот на предметите од конкретната област, се појави потреба од таква интервенција, а такви, како и други мерки од организационен карактер, ќе бидат преземани и во иднина, доколку состојбите го наметнат тоа како неопходност.

Во претстојниот период, потребно е да продолжи и процесот на континуирана едукација на судиите и судските службеници, за области и прашања што се од значење за ефикасно извршување на работите од делокругот на Управниот суд, како и функционирањето на судскиот систем во Република Македонија и споредбено со судските системи во повеќе европски држави.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА УПРАВЕН СУД**
**Исамедин Лимани**